НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
"ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ" - КУМАНОВО



Јачинце, масло на картон, 23x15, 2016

# ТРАЈАН ТРАЈКОВСКИ



**ТРАЈАН ТРАЈКОВСКИ**, роден 26.10.1945 во с. Новосељане, Куманово. Завршил Правен факултет во Скопје 1978 година и Педагошка академија, група Ликовно воспитување во Скопје 1966 и Учителска школа "Професор Мијалковиќ" во Куманово.

Основите и љубовта кон ликовната уметност ги добива во учителската школа во ликовниот кружок од професорот Кирил Караџа и Велимир Ковачевски .

Студиите на Педагошката академија ги завршува во класата на Вангел Коџоман и Ванчо Горгиев .

Со ликовна уметност се занимава повеќе од 50 години, а изложбени активности од крајот на деведесеттите години на минатиот век преку групните изложби на Кумановски ликовни уметници на кои редовно учествува до денес (1998 – 2017).

Прва самостојна изложба во 2009 во Куманово во Уметничката галерија со цртежи со туш на тема "Стара селска архитектура ".

Учествувал на ликовни колонии во Р. Македонија и соседните земји и тоа :

2009 - Прилипац , Р. Србија (XIV)
2010 - Прилипац , Р. Србија (XV)
- "Куманово " 2010; Куманово ( Пелинце )
2011 - Прилипац-2011- Р. Србија (XVI)
- Карпино 2011 – Куманово
- Зебрњак , Куманово
2012 - Македонска икона, Куманово
2013 - Перформанс во Кочани, Р. Македонија
- Балкански извори –Вршец, Р. Бугарија
- Банско, Р. Бугарија
2014 - 46 лик.колонија " Делиблатски песок" Панчево , Р. Србија
2016 - 48 лик.колонија " Делибатски песок " Панчево, Р. Србија
- "Куманово – 2016" , Пелинце, Куманово
2017 - Карпино и "Стари поток" - Пехчево

Адреса : Куманово, 1300, ул. Тоде Думба 82/11
Телефон , моб 076 240 816 и 031 411 -145
e-mail : mane.trena@yahoo.com.




Брег, масло на картон, 23x16, 2016



Црква, масло на платно, 90x70, 2017




Костоперска карпа, масло на платно, 90x70, 2017



Петрошница, масло на платно, 100x70, 2018



Новоселски пат, масло на платно, 100x70, 2018



Пелинце 3, масло на платно, 60x80, 2017



Вршниче, масло на платно, 60x50, 2016



Градиште, масло на платно, 60x50, 2016




Пелинце 1, масло на панел, 28x21, 2016




Макреш, масло на панел, 24x21, 2017

Постојат автори коишто немаат многу дилеми околу тематско-стилската преокупација и проблематизирање на изборот на содржината со којашто ќе оперираат во своето визуелно творештво. Впрочем, сосема оправдано се чини непосредното опкружување, просторот во којшто сте родени и активно вклучени како субјект, којшто целиот свој живот го поминува делувајќи во неговата реалност, да го земете како неисцрпна тема за определени креативни остварувања во областа во којашто работите. Понекогаш, тоа делување може да се сведе само на опсервација на околината, и притоа, свесни за нејзината минливост и менливост, да добиете желба тоа пространство околу вас, да го забележите на сликарското платно како би го споделиле со други но и би го користеле повремено како временска белешка на едно постоење. Оттука и едноставноста во пристапот, содржана во идејата на сликарската површина да се претстави што пореално тоа што е пред и околу нас, притоа давајќи повеќе приоритет на техничката изведба и цртачката прецизност, а помалку на интерпретација на реалноста. Во таа смисла, фокусот на нашиот интерес е најновото творештво на авторот Трајан Трајковски, формулиран како "Мотиви од Куманово и Кумановско" чиишто сликарски премиси се совпаѓаат со горенаведените тези. Сликарскиот ракопис на овој автор е многу јасен, концизен, изграден низ повеќедецениско делување, поставен на основите на идејата за сликање на непосредна реалност пропуштена низ специфичниот личен творечки сензибилитет и сето тоа реализирано преку сликарска постапка на високо техничко ниво. Од понудените ликовни содржини можеме да воочиме две групи на дела: мотиви од пејзажи од кумановскиот крај и екстериери на стари куќи од градот Куманово. И во двете групи се чувствува силниот авторски печат на Трајковски – цртачкото мајсторство на чии основи е поставена сликата, извонредно кадрираните композиции коишто соодветствуваат со реалноста како и колористичката избалансираност којашто дава дополнителна хармонија. Авторот како да сакал да ги соочи креациите на природата (којашто е далеку пософистицирана) и креациите на човекот, притоа нудејќи и трета опција во којашто човечките остварувања (претежно архитектонски решенија на градби карактеристични за овие простори) се инкорпорирани во природните и прават една хомогена целина. Во целиот тој процес не можеме да не ги забележиме тенденциите на авторот кон истакнување на убавото, складното и хармоничното како елементи на коишто ја гради својата ликовна естетика. Одвреме-навреме ќе почувствуваме страст и енергија во колористичките узбуркани решенија во некои дела, но во поголемиот дел од сликите доминира смиреност доведена до едно медитативно ниво во коешто носечка улога има светлоста и јасниот приказ на мотивот. Токму тој пристап во сликарството на Трајан Трајковски креира еден универзален јазик на комуникација на релацијата дело-конзумент, ставајќи го во категорија на сликари коишто знаат да одберат парче од природата (која е инаку неделива и целосна) и истото го нудат како автономно и целосно заокружено решение од коешто блика авторска зрелост. Да не заборавиме да ги потенцираме и документарните вредности на ова творештво бидејќи живееме во време на брзи промени кога борбата за остварување на брз профит неминовно води кон уништување на природните богатства и индустријализација и комерцијализација на нашиот животен простор. Од тој аспект, оваа најнова продукција на Трајан Трајковски можеме да ја разбереме и како апел до идните генерации во своите проекции на просторот да обрнат внимание на зачувување на постоечката состојба, бидејќи човештвото е дел од природата и како такво треба да живее во симбиоза со опкружувањето. Во таа насока, делата на Трајковски добиваат на значење поседувајќи ја филозофската и ликовната компонента, притоа промовирајќи го во автор којшто го документира богатството на Куманово и Кумановско со еден високо софистициран визуелен приказ и самоизградена ликовна поетика. Ако кон ова ја додадеме и промотивната компонента и интерактивноста којашто ќе биде остварена со пошироката публика, добиваме комплетен проект вреден за историјата на уметноста на кумановската ликовна сцена, но и на поширок план бидејќи оваа изложба ќе биде промовирана и во повеќе галериски простори во Македонија.

Роберт Цветковски, историчар на уметноста




Клуб, масло на платно, 50x61, 2018




Пешеви, масло на платно, 60x50, 2018

*издавач: НУЦК "Трајко Прокопиев" - Куманово за издавачот: Сашо Тодоровски*

*организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски - Бабата*

*текст: Роберт Цветковски, фотографии: м-р Зоран Арсовски - Бабата*

*дизајн, скенови и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски*

*печати: АРТ ПРИНТ СТУДИО - Скопје*

*тираж: 300, година 2018*

*Министерство за култура на Република Македонија*